ВДЛ Ван Хоол Македонија е дел од холандската Групација ВДЛ. Компанијата дојде во земјава во **2012** година кога ја изгради и фабриката во Технолошко индустриската развојна зона Скопје2 во Бунарџик, со што ја врати традицијата на автобуската индустрија во земјата.

Денес повеќе од **1300 вработени** работат во фабриката со површина од **78.000 м2**, произведувајќи автобуси за пребирливите, со почитување на строгите стандарди и критериуми на европските и северноамериканските пазари. Од самиот почеток постојано вложуваме напори дел од своите вградени компоненти да ги обезбедиме од локални извори. Денес ВДЛ Ван Хоол Македонија е сериозен партнер на повеќе од 20 домашни фирми, а во повеќето од нив самата компанија има вложено во нивното знаење со цел да им помогне да станат добавувачи на врвна светски позната компанија.

За растечките потреби на нашиот производен капацитет,лоциран во Технолошко Индустриската Развојна Зона – Скопје2, во Бунарџик / Илинден отвораме нови работни места за следниве позиции:

**РАБОТНА ПОЗИЦИЈА: ИНЖЕНЕР ЗА ЈАКОСТНИ ПРЕСМЕТКИ И FEA СИМУЛАЦИИ**

**РАБОТНИ ЗАДАЧИ:**

- Правење анализи со метод на конечни елементи (FEA) во доменот на еластичност, пластичност и замор на материјалот, анализа на резултатите;
- Правење рачни јакостни пресметки;
- Изработување практични предлози и решенија во соработка со нашите конструктори;
- Презентирање на резултати од анализите и пресметките;
- Работа со проекти;
- Навремени известувања на главниот инженер;

**ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ:**

- Диплома од додипломски студии од областа на машинско инженерство со голем афинитет кон механика (на возила) и јакост (диплома од постдипломски студии ќе се смета за предност);
- Солидни познавања од физика и математика;
- Поседува (академско) основно знаење на пресметки на конечни елементи;
- Подготвеност за учење на нашата методологија за пресметување (искуство со FEA пресметки на механички конструкции ќе се смета за предност);
- Прецизно и внимателно работење;
- Комуникативен и тимски играч;
- Способен да комуницира на англиски (пишување, зборување, разбирање);

**ШТО НУДИМЕ:**

- Компетитивни месечни примања на пазарот на труд во РСМ плус минат труд;
- Меѓународно опкружување со многу можности за учење, развој и раст.
- Можности за обука во странство;
- Можност за стекнување на меѓународно препознаени сертификати за стекнати професионални вештини;
- Работна околина според највисоки европски норми за безбедност и здравје при работа;
- Одлично лидерство, позитивна и охрабрувачка работна средина и организациска култура;
- Раст на платата минимум еднаш годишно според успехот;
- Регрес двојно поголем од законски пропишаниот (23.100 денари);
- 24/7 дополнително осигурување од незгода;
- Бесплатен топол оброк со избор на повеќе менија во кантина со ресторански стандард;
- Обезбеден превоз до/од работното место;
- "Купи со попуст" - одобрени попусти за вработени во одредени продажни места;
- Бонус за препорачан пријател на работа;
- Тим билдинг активности;

Доколку сте заинтересирани испратете го Вашето CV (работна биографија) на англиски или на македонски јазик на www.vdlvanhool.com/mk, во делот "**Кариери**".

Само селектираните кандидати ќе бидат повикани на разговор.

Со Вашето доставување на CV се согласувате истото да биде задржано во нашата база на кандидати во времетраење од 12 месеци.